ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/303565850

# прегледен труд УДК: 811.163.3'35 ГОЛЕМАТА (МАЛАТА) БУКВА ВО ПИШАНАТА ПРАКТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК (ПОИМИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО)

**Article** · December 2015

CITATIONS
0

READS
46

**2 authors**, including:

Violeta Janusheva
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola

**95** PUBLICATIONS **31** CITATIONS

SEE PROFILE

**Some of the authors of this publication are also working on these related projects:**

Project Culture Bound Concepts and Allusions in Translation View project

Project PROBLEMS ARISING FROM THE WIDESPREAD SIMPLIFIED VIEW OF THE TRANSLATION PROCESS View project

All content following this page was uploaded by Violeta Janusheva on 27 May 2016.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

**прегледен труд**
**УДК: 811.163.3’35**

# ГОЛЕМАТА (МАЛАТА) БУКВА ВО ПИШАНАТА ПРАКТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК (ПОИМИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО)

**Виолета Јанушева, Јана Јуруковска**
*Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,*
*Педагошки факултет – Битола, Република Македонија*

**Key words:** capital letter, small letter, written practice

**Summary:** In the written practice of the Macedonian standard language, very often, a great deal of incompatibility and inconsistency could be noticed regarding the correct use of the rules for writing the correct forms of sounds and words. In this sense, the terms from the area of education are especially important, which could often be found in the written practice of those people who are connected with the area of education in any way, and who, cause dilemmas in the manner in which certain words should be written regarding capital and small letter. Thus, in this paper, certain differences in the written practice of terms which are part of the area of education (with capital or small letter) are shown, and at the same time, it is indicated that the imprecision and the lack of more detailed explanation in these rules in the Orthography result in different interpretations and different realization of the written practice of the language. Consequently, this imposes the necessity of more precise rules regarding this part of the *O*rthography of the Macedonian standard language.

**Клучни зборови:** голема буква, мала буква, пишана практика

**Резиме:** Во пишаната практика на македонскиот стандарден јазик,многу често, се забележуваат неусогласеност и недоследност, во однос на употребата на правилата за пишување на гласовите и на зборoформите. Во оваа смисла, особено се важни поимите од областа на образованието, кои, многу често, се среќаваат во пишаната практика на оние кои на каков било начин се поврзани со оваа дејност, а, кои, секако, внесуваат дилеми за тоа како треба да бидат напишани во однос на големата, односно на малата буква. Следствено, во трудот се покажуваат конкретни разлики во пишувањето на поими од областа на образованието(со голема или со мала буква) и истовремено се укажува на тоа дека непрецизноста и недореченоста на правилата за нивна употреба во Правописот резултираат со различни толкувања и различна реализација во пишуваната практика на јазикот. Тоа, пак, од своја страна, ја наметнува потребата од постоење на попрецизни правила во однос на овој дел од Правописот на македонскиот стандарден јазик.

## 1. Воведни информации

Јазикот е најважното средство за меѓусебна комуникација на луѓето кои го зборуваат. Тој го претставува нивниот културен идентитет, па, затоа, од голема важност е јазикот да се негува и да се култивира усното и писменото изразување на зборувачите, во сите сфери од нивното секојдневно живеење. Доследното почитување и имплементирање на стандарднојазичната норма, во усната и пишаната форма, се услов за нејзината стабилност и промоција меѓу зборувачите. Правописот на македонскиот стандарден јазик, како еднообразна пишана практика, која е задолжителна за зборувачите на македонскиот јазик, во голема мера, обезбедува основи за оформување на пишаниот текст во согласност со стандарднојазичната норма.

Современите текови упатуваат на низа неминовни промени, кои ги зафаќаат сите сфери на човековото живеење, па неопходно е човекот постојано да се приспособува кон тие промени за да го олесни сопствениот живот. Во тие сфери се вбројува и јазикот, кој, во никој случај, не е имун на тие промени, така што целиот јазичен систем, ставајќи се во функција на корисниците, со себе ја понесува и обврската да им овозможи попрецизни правила за негово користење. Значи, јазикот, со системот од правила за пишување, треба да ги задоволи различните потреби на зборувачите во однос на прецизноста во писменото изразување, а ова директно упатува на неопходноста од прецизирање, приспособување, но и дополнување на сето она што се покажува како спорно во пишаната практика на јазикот. Тоа,секако,треба да се одвива под услови кои ќе обезбедат заштита на културниот идентитет со задржување на суштинските одлики на јазикот, со што ќе се овозможи секоја промена да соодветствува на она што е веќе утврдено како правило.

Во пишаната практика на македонскиот стандарден јазик, многу често, се забележуваат неусогласеност и недоследност во однос на употребата на правлата за пишување на гласовите и на зброформите. Во оваа смисла, особено се важни поимите од областа на образованието, кои, многу често, се среќаваат во пишаната практика на оние кои на каков било начин се поврзани со оваа дејност, а кои, секако, внесуваат дилеми за тоа како треба да бидат напишани во однос на големата, односно на малата буква. Следствено, во трудотсе покажуваат конкретни разлики во пишувањето на  поими од областа на образованието (со голема или со мала буква) и истовремено се укажува на тоа дека непрецизноста и недореченоста на правилата за нивна употреба во Правописот резултираат со различни толкувања и различна реализација во

пишуваната практика на јазикот. Тоа, пак, од своја страна, ја наметнува потребата од постоење на попрецизни правила во однос на овој дел од Правописот на македонскиот стандарден јазик.

## 2. Методологија на истражувањето

Во трудот се анализира обемен материјал, поврзан со областа на образованието, во кој се вклучени учебници за основно,средно и високо образование, стручни книги, наставни планови и програми, решенија за изменување и дополнување на наставни планови и сл., во однос на разликите што се јавуваат во нив во однос на тоа дали се напишани со голема или со мала буква. Појдовна основа на анализата се правилата за употреба на големата и малата буква во Правописот на македонскиот јазик, (1998: 38–48). Анализата се прави на тој начин што се наведуваат примери од собраниот материјал каде се забележуваат разлики во пишувањето (голема или мала буква), а воедно се коментираат и одредени постоечки правописни правила, со цел да се посочи во што точно се состои непрецизноста на правилото. Исто така, се коментираат и одредени примери за кои не постојат правописни правила, а се среќаваат како спорни во пишуваната форма на јазикот. Примерите се дадени во истата форма како што се преземени.

## 3. Резултати, анализа и дискусија на резултатите

### 3.1. Именката учебник (книга или ракопис)на почеток на реченица

На почеток, како пример, се наведува насловот на една книга од Б. Конески. Според Правописот, (в. Правопис, 1998: 141, т. 389 а) насловите на книги се ставаат меѓу наводници: „Граматика на македонскиот литературен јазик, дел I и II“. Ако, пак, од околните зборови се знае точно на што се однесува односното име, наводниците можат и да се испуштат, (в. Правопис, 1998: 142, т. 389 б). Голем број од книгите, во наставно-образовната практика се најчесто наменети како учебници по одредени предмети за сите степени на образование. Во преговорот или воведотво книгите, авторите најчесто пишуваат краток текст во кој ја објаснуваат намената на книгата или на учебникот и им изразуваат благодарност на оние кои помогнале во конечното обликување на текстот. Многу често, се случува и  корисниците на книгата или на учебникот да имаат потреба да искажат свое мислење за одредени

содржини. Во овие два случаја, се јавуваат и најголемите дилеми и разлики во однос на употребата на големата, односно на малата буква на именката учебник, книга или ракопис, бидејќи во пишаната практика се забележуваат различни решенија, кои се јавуваат првенствено како резултат на различното толкување на правописните правила за нивна употреба, но и поради непостоење на конкретно правописно правило кое ја регулира нивната употреба во Правописот, (в. Правопис, 1998: 38–48). Употребата на овие именки заедно со насловот на книгата на почеток на реченица е јасна, овие именки се пишуваат со голема буква, а со голема буква се пишува и првиот збор од името на учебникот, а од другите само оние што претставуваат сопствено име, (в. Правопис, 1998: 45, т. 95 а и 47, т. 101) – во примерите во кои насловите не се ставени во наводници се има предвид околниот текст од кој се знае на што се однесува односниот збор: Учебникот Математика за VII ...; Учебникот Географија за осмо; Учебникот Информатика е ...; Учебникот Техничко образование за ...; Учебников „Македонски јазик за средно образование" се надоврзува ...; (в. Тренчевски,вовед; Марковски, 2010: 3; Ѓоршевиќ, 2013: 3; Николова, Б., Георгиева, К. 2010: 3; Бојкоска и други, 1998). Ново пишаната практика се забележуваат и случаи кога името на учебникот е напишано со мала буква: Ракописот географија за VII ...; (в. Павловски, Павловски, вовед).

### 3.2. Именката учебник (книга) во средината на реченицата

Понатаму, во предговорот, воведот или во текстот за учебникот, книгата, или за ракописот, на пример, кога се употребуваат само именките учебник или книга за да се укаже на односниот учебник или на односната книга, во случај кога не се проследени со насловот и кога не станува збор за почеток на реченица, се забележува пишување со голема, но и со мала буква. Правописот укажува на тоа дека ако од целиот назив на книгите се употреби само основниот збор, тој се пишува со голема почетна буква, (в. Правопис, 1998: 48, т. 101 в), на пример, Во Граматиката на Конески. Во таа смисла, се поставува прашање дали именката учебник или книга може, во ваков контекст, да се однесува на основниот збор и да се пишува со голема буква (се вели Учебник по македонски јазик за 6 одделение, на пример, но на корицата на книгата пишува само Македонски јазик за 6 одделение), или таа, сепак, не го претставува основниот збор на книгата или на учебникот, па треба да се пишува со мала буква. Поради непрецизноста на правилото, во пишаната практика се забележуваат различни решенија. Примери со

**голема буква**: Во Учебникот е опишан...; Во Учебникот се дадени...; Во Учебникот ...; ... Учебникот ...; ... Учебников се дадени ...; ... Учебников ...;… од Учебникот; Обиди се …Учебникот ...; Пред вас е Учебник...; Примери со **мала буква**: … на крајот од учебникот...;во учебникот е...; Овој учебник ...;… овој учебник ...; … учебникот; Во учебникот; ... на учебникот ...; ... со овој учебник ...; Со учебникот ...; ... е учебник кој ...; Ова е ... учебник ...; На крајот од учебникот дадени се ...; Со ... учебник ...; Со овој учебник ...; (в. Тренчевски, Тренчевски, вовед; Шотаровска, Ѓеоргиевска, 2010: 3; Ѓоршевиќ, 2013: 3; Јањатова-Димовска, Томовска, 2010: 5; Димовски, Крстеска, Ристовска, предговор; Биологија, предговор; Танева;Угриноски, Василески, предговор; Николовски, Георгиева, 2010: 3; Ордев, Ордев, 2010: 3; Севдинска, Настоска, 2010: 3; Заборска, Фида, Спасовска, 2010: 3; Поповски, Поповски, Димитровска, вовед; Велкова, Јовановска, 2011: 3; Поповски, 2011: 3; Темков, 2010: 3; Велкова, Јовановска, 2009: 3; Ордев, 2009: 3; Димова, Ангеловска, Васиќ-Стефановска, 2010: 3; Владова, 2002; Бошковиќ, Илиевска, 2013; Тоциновски, Младеноски, 2010; Велкова, Јовановска, 2010: 3; Бојкоска и други, 1998; Алексовска, 2010:4). Се јавуваат и примери од ваков вид: Во ракописот ...; (в. Павловски, Павловски, предговор);… оваа книга ...; во оваа книга...; ... со оваа книга ќе научиш ...; Оваа книга ...; Во оваа книга ...; Во книгата ...; (в. Шотаровска, Ѓеоргиевска, 2010: 3; Димовски, Крстеска, Ристовска, предговор; Стефановски, Ачовски, 2010: 2; Конески, 1986; Велјановска, 2006; Минова-Ѓуркова, 2003); Овој труд ..., (в.Попоски, 2005). Се забележуваат и примери кога именката учебник е дадена со насловот на учебникот и е напишана правилно со мала буква: Пред вас е учебникот Класичната култура во европската цивилизација, (в. Јањатова-Димовска, В., Томовска, 2010: 5). Исто така, има примери кога именката учебник е проследена со името на наставниот предмет: И во ова одделение ќе се сретнеш со учебникот по ликовно, (в. Ордев, 2009: 3). Она што може да се согледа од анализираните примери е дека во практиката во однос на ова прашање постојат различни решенија, но се забележува тенденција во синтагмите од типот овој учебник, оваа книга и сл. именката книга или учебник да се пишува со мала буква, што оди во прилог на тоа дека, во ваков контекст, овие именки треба, сепак, да се пишуваат со мала буква

### 3.3. Имињата на наставните предмети кога не се на почеток на реченица

Во пишаната практика се забележуваат различни решенија и во случаи кога по именката учебник или книга е даден и наставниот предмет

за кој е наменет учебникот, а името на предметот не се наоѓа на почеток на реченица. Ова го наметнува и прашањето за тоа како треба да се пишуваат имињата на наставните предмети, во однос на големата, односно на малата буква, ако се знае дека за ова прашање не постои правописно правило.

Иако постојат различни решенија во практика, сепак, не може да се најде причина за пишувањето на наставните предмети со голема буква. Примери со **мала буква**: Во учебникот по биологија ...; ... по биологија ...; ... по предметот информатика ...; Учебникот по физичко образование; ... по техничко образование ...; ... по физичко и здравствено образование ...; ... по ликовно; ... по македонски јазик ...; ... спорт и спортски активности, ликовна уметност и музичка уметност ...; ... основи на психомоторика ...; наставниот предмет – иновации ...;... по предметот македонски јазик и литература ...; Предметот македонски јазик и литература...;... англиски јазик; ... за предметот англиски јазик ...; ... предмет историја ...; Предметот историја ...; ... по историја ...; ... предмет биологија во ...;... предмет: македонски јазик и литература; Предметот македонски јазик и литература...; ... предмет социологија ...; ... предмети македонски јазик и литература, странските јазици ...; ... предмет: етика; ...; ... по етика...; ... предметот етика ...; ... на предметот македонски јазик и литература ...; (в. Танева; Биологија; Ѓорѓевиќ, 2013: 3; Поповски, Поповски, Димитровска, вовед; Николовски, 2011: 2 – 3; Поповски, 2011: 3; Ордев, 2009: 3; Решение, БРО, 2007; Решение, БРО, 2010; Решение, МОН, 2014б; Наставна програма, македонски јазик, 2001; Наставна програма, англиски јазик, 2001; Наставна програма, историја, 2005; Наставна програма, билогија, 2001; Наставна програма, социологија, 2002; Наставна програма, говорење и пишување, 2002; Наставна програма, етика, 2003; Бојкоска и други, 1998); Примери со **голема буква**:...по предметот Македонски јазик...;... по предметот Техничко образование ...; Во предметот Етика ...;... предмет Кинезиологија; ... наставен предмет Програмски јазици ...; Предметот Македонски јазик и литература ...; наставниот предмет: Македонски јазик и литература...;... предметот: Историја; Социологија;... предмет: Говорење и пишување (вештини); ... по предметот Говорење и пишување (вештини); ... по Говорење и пишување ...; ... по Етика...; ... предмет Етика ...; ... предметот Македонски јазик и литература ...; на предметот Филозофија ...; ... наставата по Филозофија; ... по јазичниот дел на предметот Македонски јазик и литература за средното образование ...; (в. Велкова, Јовановска, 2011: 2; Николовски, 2011: 2 – 3; Темков, 2010: 3; Решение, БРО, 2010;Решение, МОН, 2014а; Наставна програма,

македонски јазик, 2001; Наставна програма македонски јазик 2002; Наставна програма, историја, 2005; Наставна програма, социологија, 2002; Наставна програма, говорење и пишување, 2002; Наставна програма, етика, 2003; Владова, 2002; Сидоровски, Темков, 2006: 4; Бојкоска и други, 2001: 1); Се јавуваат и примери од овој вид: ... по овој предмет ...;... на овој предмет; (в. Наставна програма, македонски јазик, 2001; Сидоровски, Темков, 2006: 4).

И овој дел од анализата покажува дека постојат различни решенија кога се пишуваат имињата на наставните предмети, дури и во еден ист учебник. Она што се забележува е дека и во однос на имињата на наставните предмети се јавува синтагмата од типот овој предмет, при што е употребена мала буква, а тоа, исто така, оди во прилог на тоа дека имињата на наставните предмети, во ваков контекст, треба да се пишуваат со мала буква.

### 3.4. Именката автор на крај од предговорот или во текстот од предговорот

Интерпретацијата на правилата за употребата на големата, односно на малата буква од Правописот, од т. 3.2. може да се однесува и на делот даден по воведот или предговорот, но и во текстот на предговорот, каде најчесто наместо името и презимето на авторот или на авторите се пишува само членуваната именка авторот, или во множинаавторите. Во пишаната практика се забележуваат различни решенија: Авторот; (в. Ѓорѓевиќ, 2013: 3 – 4; Марковски, 2010: 3; Танева; Ордев, 2009: 3; Алексовска, 2010: 4; Конески, 1986; Велјановска, 2006; Попоски, 2005); Авторите; (в. Николовски, Георгиева, 2010: 3; Тренчевски, Тренчевски, вовед; Николовски, Георгиева, 2010: 3; Димовски, Крстеска, Ристовска, предговор; Угриноски, Василески, предговор; Ордев, Ордев, 2010: 3; Севдинска, Настоска, 2010: 3; Поповски, Поповски, Димитровска, вовед; Велкова, Јовановска, 2010: 3; Тоциновски, Младеновски, 2010); Од авторите; (в. Јањатова-Димовска, Томовска, 2010: 5; Биологија; Велкова, Јовановска, 2011: 3; Велкова, Јовановска, 2009: 3; Димова, Ангеловска, Васиќ-Стефановска, 2010: 3); Од авторот; (в. Стефановски, Ачовски, 2010: 2);... ученику, авторите ...;(в. Николовски, Георгиева, 2010: 3; Бошковиќ, Илиевска, 2013;); ... на авторот е ...; (в. Николовски, 2011: 3); Од Авторот; (в. Николовски, 2011: 3; Поповски, 2011: 3).

Оваа именка најчесто се наоѓа во долниот десен дел по предговорот, па можеби тука треба да се бара мотивираноста за нејзиното пишување со голема буква, зашто може да се сфати дека во новиот ред, зборот

треба да е напишан со голема буква. Од друга страна, ако се сфаќа дека оваа именка не претставува назив на основниот збор, односно на името и презимето, во текстот на предговорот,таа треба да биде напишана со мала буква.

### 3.5. Именките наставен план и наставна програма.

Непрецизноста на правилатаза употребата на големата, односно на малата буква има влијание и врз начинот на пишување на синтагмите наставен планинаставна програма кога се однесуваат на конкретен документ. Наставниот план и наставната програма се два различни документа.Со наставниот план се пропишува бројот на задолжителни и изборни предмети и фондот на часови со кој предметот е застапен – програмски подрачја и наставни предмети, за која година, фонд на часови неделно и годишно, а во наставната програмасе наведуваат идентификациски податоци за предметот: назив, година на изучување, број на часови, статус на предметот, потоацели на предметот (општи, посебни), потреби претходни знаења, области и содржини, и структура на содржините за учење(области и содржини, конкретни цели, дидактички насоки, корелација), наставни методи и активности на учење, (активности на наставникот и на ученикот), организација и реализација на наставата, наставни средства и помагала за учениот, литература за наставникот,оценување на постигањата на учениците, кадровски и материјални предуслови за реализација на наставата, стандард за наставниот кадар, стандард за простор и опрема, како и податоци за изработката на програмата, за работната група која ја изработила, датум на применаи одобрувањето од министерот и сл.Во пишаната практика обично тие се подведуваат под една синтагма. Според Правописот, (в. Правопис, 1998: 47, т. 101 а) називите на прописи и документи се пишуваат со голема почетна буква, а ако името е составено од повеќе зборови и оној збор кој претставува сопствена именка, се пишува со голема буква. Но толкувањето на ова правило доведува до различни решенија во практиката, што покажува дека е потребно дополнително прецизирање и наведување на конкретни насокии примериза тоа како треба да се пишуваат наведените синтагми во укажаниот контекст, а особено да се прецизира значењето на поимот документ. Во пишаната практика може да се забележат следниве разлики – следуваат примери со **мала буква**:... новата наставна програма ...;... според најновата наставна програма ...; ... предвидени со наставната програма...;... според наставната програма ...;... според програмата, ...; ... со прифатениот наставен план и програма...; ...

на наставниот план за ...; ... на наставните плановиза ...; Изведбениот наставен план ...; ... од оваа наставна програма ...;... на оваа наставна програма; ... оваа наставна програма ...; ... на наставната програма ...; ... на програмата ...; ... со програмата ...;... со постојната програма ... и со новата програма ...;(в. Угриноски, Василески, предговор; Биологија; Димовски, Крстеска, Ристовска, предговор; Николовски, Георгиева, 2010: 3; Марковски, 2010: 3; Николовски, 2011: 3; Алексовска, 2010:3; Решение, БРО, 2007; Решение, БРО, 2010; Решение, МОН, 2014а; Наставна програма, историја, 2005; Наставна програма, биологија, 2001; Наставна програма, социологија, 2002; Наставна програма, говорење и пишување, 2002; Наставна програма, етика, 2003; Владова, 2002; Бошковиќ, Илиевска, 2013); Примери со **голема буква**: ... со Наставната програма ...;... кон Наставната програма...;... според новата Наставна програма и...;... од Наставниот план ...;... на Наставниот план за ...;... на Програмата...; ... на Наставната програма;... со Наставниот план и програма ...; (в. Тренчевски, Тренчевски, предговор; Ѓорѓевиќ, 2013: 3; Велкова, Јовановска, 2009: 3; Решение, БРО, 2010; Решение, МОН; 2014б; Наставна програма, македонски јазик, 2001; Наставна програма, биологија, 2001; Наставна програма, етика, 2003; Тоциновски, Младеновски, 2010; Бојкоска и други, 1998);

Ако се сфаќа дека наставниот план и наставната програма претставуваат конкретен документ, тогаш првиот збор од наведените синтагми треба да се пишува со голема буква. Ако првиот збор се пишува со мала буква, може да се сфати дека тие не се однесуваат на конкретни документи, туку се дадени во општ контекст. И овде може да се примени правилото според кое ако од целиот назив на наведените синтагми се употреби само основниот збор, во случај програма или план, тогаш тие се пишуваат со голема почетна буква, (в. Правопис, 1988: 48, т. 101 в). Анализата ги покажува различните решенија во овој поглед, но се забележува и употреба само на именката програма, која треба да ја замени синтагмата наставна програма, со голема, како што е правилно, но и со мала буква. Исто така, се забележуваа тенденцијата да се пишува синтагмата оваа наставна програма со мала буква.

### 3.6. Имиња на студиски групи, струки, образовни профили,насоки и области

Разлики во писмената практика поради недостаток на конкретно правилосе јавуваат и кога треба да се запише името на студиските групи и области на разни факултети, на различни струки и обрзовни

профили во рамките на средното стручно и гимназиско, како и на високото образованиедадени во делот стандарди за наставен кадар, како и на различни области и насоки (примери со **голема буква**): Студиски групи ...Македонски јазик и книжевност – наставна насока; Македонски јазик и македонска книжевност – наставна насока; итн. Студиски групи ...: 1. Македонски јазик и книжевност или Македонски јазик и македонска книжевност – наставна насока; или Македонски јазик, српски јазик и книжевност – наставна насока; 2. Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет ...; 3. Општа и компаративна книжевност ...; ... лице со: Студиски групи на Филолошкиот факултет (порано Филозофски) – наставна и наставно-научна насока: -Македонски јазик и книжевност; -Македонски јазик и македонска книжевност; -Македонски јазик, српски јазик и книжевност; -Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет ...; ... студии по Филозофија;... за студентите од групата Македонски јазик при Филолошкиот факултет...; (в. Наставна програма, македонски јазик, 2001; Наставна програма, македонски јазик, 2002; Наставна програма, говорење и пишување, 2002; Наставна програма, етика, 2003; Минова-Ѓуркова, 2000: 5). Од контекстот не може да се заклучидали студиските груписе напишани со голема буква затоа што се јавуваат во нов ред или едноставно студските групи се пишуваат со голема буква.Примери со **мала буква**: ... завршени студии по англиски јазик и литература; ... завршени студии по историја ...; ... студии по биологија;... студии по социологија ... од областа на филозофијата; (в. Наставна програма, англиски јазик, 2001; Наставна програма, историја, 2005; Наставна програма, биологија, 2001; Наставна програма, социологија, 2002; Наставна програма, етика, 2003).

Во однос на струките, профилите и насоките како примери се наведуваат: Струки: Електротехничка, Земјоделско-ветеринарна, Сообраќајна, Хемиско-технолошка, Графичка, Лични услуги, Угостителско-туристичка; Образовен профил: Електроинсталатер и монтер, Автомеханичар, Градинар-цвеќар, Конфекционер, Продавач, Месар, Графосликар, Печатар, Фризер, Готвач; Струки: Градежно-геодетска; Образовенпрофил: Гипсер-монтер; Струка: Уметничка, Насока: Балетска уметност, Музичка уметност; Образовенпрофил– Балетски играч – балерина – класичен балет; Балетски играч- балерина – модерен балет, Традиционален играч-пејач, Музички теоретичар; (в. Наставен план за двегодишно стручно образование; Наставен план за тригодишно стручно образование; Наставен план за средномузичко и

балетско образование). Значи, останува отворено прашањето за тоа како во однос на големата и на малата буква, ќе се пишуваат студиските групи, струките, профилите, областите и насокитеако не се наоѓаат на почеток туку на средина на реченицата, иако може да се прифати интерпретацијата дека тие треба да се пишуваат со мала буква.

### 3.7. Делови, целини и теми од кои се составени учебниците

Недостатокот од конкретно правило доведува до разлики во писмената практика и во случај кога авторитепосочуваат или се повикуваат на конкретниделови, целини, теми од кои се составени учебниците.Се поставува прашањето дали доколку се напишани со голема буква тие треба да се сметаат како имиња на деловите, целините или темите, или, пак, големата буква се користи само да се потенцираат, односно посебно да се нагласат. И во овој дел не се согледува мотивираноста за пишување на овие поими со голема буква.Примери со **голема буква**: ... Разговор, Задачи, Прашања, Дознај повеќе, Запомни, Речник на поим ...; Рубриката Разговор ...; ... од поглавјето Античкото наследство...;... рубриките: „Забелешка“, „Важно“ и „Внимавај“ ...; Во делот Мерење ...; ... од четири наставни подрачја: Литература, Јазик, Изразување и творење и Медиумска култура; Тема 1: Техничко цртање и дизајн;Оксидационо-редукциони процеси и Основи на хемиското сметање ...; ... подрачја: Јазик и Литература ...; ... од два рамноправни дела (1) Говорење и (2) Пишување ...; Особено областа Јазик ...; ... од делот Теорија на литературата ...; ... на две големи подрачја: Јазики Литература; ... наставно подрачје, односно Литературата ...; Во Општиот дел ...; ... на деловите: Акцент, Дијалектологија, Ономастика, Лексикографија; ... на деловите: Синтакса и Стилистика ...;... омилена тема Македонска фразеологија ...;...: Компонента 2: Зборување; ... задача на компонентата Култура е ...;(в. Марковски, 2010: 3; Јањатова-Димовска, Томовска, 2010: 6; Ѓорѓевиќ, 2013: 3; Стефановски, Ачовски, 2010: 2;Велкова, Јовановска, 2011: 3; Николовски, 2011: 3; Алексовска, 2010:3; Наставна програма, македонски јазик и литература, прва година, 2001; Наставна програма, англиски јазик, 2001; Наставна програма, говорење и пишување, 2002; Владова, 2002; Тоциновски, Младеноски, 2010; Велјановска, 2006; Бојкоска и други, 1998; Велковска, 2002: 5); Примери со **мала буква**: Во првата тема ...; Во првото поглавје ...; Преку првата тема...; Книгата има три дела – (1) за ..., (2) за ...;... делот теорија на литература ...;... на граматиката ...; Во вториот дел ...; ... области: фонетика и фонологија, стилистика, дијалектологија, ономастика и

др.;слушање, зборување, читање, пишување, комуникативни модели, граматика, вокабулари култура; (в. Тренчевски, предговор; Ѓорѓевиќ, 2013: 4; Темков, 2010: 3; Наставна програма, англиски јазик, 2001; Владова, 2002; Бошковиќ, Илиевска, 2013; Велјановска, 2006;Бојкоска и други, 1998);

## 4. Заклучок

Анализата покажува дека разликитево пишувањето на наведениве поими не се јавуваат само како резултат на непознавање на законитостите во развојот на јазикот или, пак, на сè помалата грижа за писменото оформување на текстот туку, во голем дел, како извор на тие разлики се јавуваат и непрецизностите и недореченоста во наведените правила за користење на голема и мала буква, што им остава простор на авторите за сопствена интерпретација на овие правила. Поради тоа како неопходност се наметнува потребата за дополнување на посочениот дел од Правописот со конкретни насоки и дополнителни правила за наведените разлики. Извршената анализа е во насока на давање поддршка на иницијативата за ревидирање и осовременување на Правописот.

**Литература:**


Видоески, Б, Димитовски, Т., Конески, К, Угиновска-Скаловска, Р. 1988. *Правопис на македонскиот литературен јазик.* Скопје, Просветно дело

Пановска-Димкова, И. 2008. *Практикум по правопис со правоговор на македонскиот литературен јзик*. Скопје, Филолошки факултет „Б. Конески“


**Ексцерпирани текстови:**


Алексовска, С. 2010. *Хемија за VIII-мо одделение во осумгодишно основно образование*. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://www.scribd.com/doc/241921439/Hemija-8-Oddelenie-pdf#scribd, на 18.1.2015

*Биологија за VII одделение за основно осумгодишно образование*. Преземено од http://e-ucebnici.mk/sites/e-ucebnici.mk/files/osnovno/7_odd/biologija_7_k2.pdf, на 18.1.2015

Бојкоска, С, Ѓуркова, Л, М, Пандев, Д, Цветковски, Ж. 1998. Македонски јазик за средното образование. Скопје, Просветен работник

Бојкоска, С, Минова-Ѓуркова, Л, Пандев, Д, Цветковски, Ж. 2001. *Македонски јазик за средното образование* (под редакција на Минова-Ѓуркова Л, V изменето издание). Скопје, Просветно дело

Бошковиќ, К., Илиевска, С. 2011. *Македонски јазик и литература за III година*

*средно стручно образование*. Скопје, Министерство за образование и наука на Република Македонија
Велјановска, К. 2006. *Фразеолошките изрази во македонскиот јазик, со осврт на соматската фразеологија*. Куманово, Македонска ризница
Велкова, С, Јовановска, С. 2009. *Македонски јазик за VI одделение за основно образование*. Скопје. Преземено одhttp://issuu.com/e-ucebnici/docs/makedonski_jazik_6_k2,на 18.1.2015
Велкова, С, Јовановска, С. 2010. *Македонски јазик за VIII одделение*. Скопје, Министерство за образование и наука.Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/makedonski_8_velkova/2, на 18.1.2015
Велкова, С, Јовановска, С. 2011. *Учебник по македонски јазик за VI одделение*. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/makedonski_jazik_6_k2, на 17.1. 2015
Велковска, С. 2002. *Белешки на македонската фразеологија.* Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Јазикот наш денешен кн. 8
Владова, Ј. 2002. *Македонски јазик и литература, за I година гимназиско образование.* Скопје, Просветен работник
Гешовски, С., Нонкуловски, Ф. 2009. *Физика за седмо одделение на осумгодишното основно образование и за осмо одделение на деветгодишното основно образование*. Скопје. Преземено од http://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/fizika_7_mak.pdf, на 17.1.2015
Димова, С, Ангеловска, В, Стефановска-Васиќ, Марина. 2010. *Музичко образование за VII одделение осумгодишно основно образование*. Скопје, Министерство за образование и наука на Република Македонија. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/muzicko_7_mak?e=1666238/3645807, на 18.1.2015
Димовски, Д., Крстевска, Б., Ристовска, С. *Математика за 7 одделение на осумгодишното основно образование*. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/matematika-7odd-k2?e=1666238/3647843, на 18.1.2015
Ѓорѓевиќ, Д. 2013. *Информатика за I година на средното образование*. Скопје, Министерство за образование и наука на РМ. Преземено од http://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/4_Informatika%20za%20I%20godina_MAK_PRINT_WEB.pdf, на 17.1.2015
Заборска, Л., Фида, С., Спасовска, К. 2010. *Македонски јазик за петто одделение за деветгодишно основно образование за учениците од другите заедници.* Скопје, Министерство за образование и наука.Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/makedonski_5_drugite?e=1666238/3649744, на 17.1.2015
Златески, П. 2010. *Етика во религиите*. Скопје, Министерство за образование и наука на РМ. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/etika_vo_religiite_5_mak?e=1666238/3647832, на 28.12.2014
Јањатова-Димовска, В., Томовска, В. 2010. *Класичната култура во европската цивилизација за V одделение*. Скопје, Министерство за образование и наука на РМ. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/klasicna_kultura_vo_evropskata_civilizacija_5_mak?e=1666238/3639749,на 28.12

2014
Конески, Б. 1986. *Историја на македонскиот јазик*. Скопје, Култура
Маркоски, Б. 2013. *Географија за VIII одделение за основното осумгодишното образование*. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/gegrafija_nova?e=1666238/2820147, на 18.1.2015
Минова-Ѓуркова, Л. 2000. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. Скопје, Магор
Минова-Ѓуркова, Л. 2003. *Стилистика на современиот македонски јазик*. Скопје, Магор
*Наставен план за тригодишно стручно образование*. Преземено одhttp://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/Nastaven_plan_trigodishno.pdf, на 18.1.2015
*Наставен план за две годишно стручно образование*. Преземено одhttp://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/Nastaven_plan_dvegodishno.pdf, на 18.1.2015
*Наставен план за средно музичко и балетско образование*.Преземено одhttp://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/NASTAVEN%20PLAN%20ZA%20SREDNO%20MUZICKO%20I%20BALETSKO%20OBRAZOVANIE.pdf, на 18.1.2015
*Наставна програма по историја за I година гимназиско образование*. 2005. МОН и БРО.Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/zadolzitelnipredmeti/Istorija%20-%20I%20godina.pdf на 18.1. 2015
Николовски Б., Георгиева К. 2013. *Техничко образование за V-то одделение, деветгодишно основно образование.* Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/teh_5_mak?e=1666238/9210327, на 28.12.2014
Николовски, Б. 2011 *Техничко образование за шесто одделение на деветгодишното основно образование*. Скопје, Министерство за образование и наукана РМ.Преземено од http://www.scribd.com/doc/76834143/Tehnicko-6-mak#scribd, на 17.1.2015
Ордев, Д. 2009. *Ликовно образование за 7 одделение*. Скопје.Преземено одhttp://issuu.com/e-ucebnici/docs/likovno-obrazov-7odd-k2?e=1666238/3691169, на 18.1.2015
Ордев, Д., Ордев, И. 2010. *Ликовно образование за 8 одделение*. Скопје: Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/likovno_8_mak?e=1666238/2595675, на 17.1.2015
Павловски, Ѓ., Павловски, К. *Географија за VII одделение на осумгодишно основно образование*. Предговор. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/geografija_7odd-k2?e=1666238/3647878, на 17.1.2015
Поповски, П., Поповски, Ј., Димитровска, С. *Физичко и здравствено образование за V одделение во деветгодишно основно образование*. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/fizichko_5_mak?e=1666238/3647858, на 17.1.2015
Поповски, П. 2011. *Физичко и здравствено образование за VI-то одделение во деветгодишно образование*. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/fizicko_6_

mak?e=1666238/3668038, на 17.1.2015
Попоски, К. 2005. *Училишна докимологија*. Скопје, Китано
*Програма за реформирано гимназиско образование*. 2001. Наставна програма по биологија за I  година во гимназиското образование, задолжителен предмет. МОН и БРО.Преземено од  http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/zadolzitelnipredmeti/Biologija%20I%20g..pdf на 18.1. 2015
*Програма за реформирано гимназиско образование.* 2001. Наставна програма за македонски јазик и литература за I година. МОН, БРО. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/zadolzitelnipredmeti/Makedonski%20jazik%20i%20literatura%20-%20I.pdf, на 18.1.2015
*Програма за реформирано гимназиско образование*. 2001. Наставна програма по англиски јазик, прв странски јазик, за I година. МОН, БРО. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/zadolzitelnipredmeti/Angliski%20jazik%20-%20kako%20prv%20-%20I%20godina.pdf, на 18.1.2015
*Програма за реформирано гимназиско образование*. 2002. Наставна програма по социологија за II година (задолжителен предмет). МОН и БРО. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/zadolzitelnipredmeti/Makedonski%20jazik%20i%20literatura%20-%20II.pdf, на 18.1.2015
*Програма за реформирано гимназиско образование*. 2003. Наставна програма по етика за II година. Скопје, МОН, БРО. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/izborni_predmeti/Nastavna%20programa-Etika-II-GO-izboren.pdf, на 18.1.2015
*Реформирано гимназиско образование*. 2002. Наставна програма по македонски јазик и литература за II година. Скопје, МОН, БРО. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/zadolzitelnipredmeti/Makedonski%20jazik%20i%20literatura%20-%20II.pdf, на 18.1.2015
*Реформирано гимназиско образование*. 2002. Наставна програма по говорење и пишување, изборна програма, II година. МОН и БРО.Преземено од http://bro.gov.mk/docs/gimnazisko/izborni_predmeti/Nastavna%20programa-Govorenje%20i%20pishuvanje-II-GO-izboren.pdf, на 18.1.2015
*Решение за изменување и дополнување на наставниот план за воспитно-образовната дејност во гимназиското образование.* 2007. МОН. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/IZMENUVANJE%20I%20DOPOLNUVANJE%20NA%20NASTAVEN%20PLAN%20ZA%20GIMNAZISKO%20OBRAZOVANIE.pdf, на 18.1.2015
*Решение за донесување измени и дополнувања на наставните планови за спортска гимназија*. 2010. МОН. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/IZMENI%20I%20DOPOLNUVANJA%20NA%20NASTAVEN%20PLAN%20ZA%20SPORTSKA%20GIMNAZIJA.pdf на 18.1.2015
*Решениеза именување и дополнување на наставниот план за воспитно-образовната дејност во гимназиското образование, природно-математичко подрачје – комбинација* А. 2014а. МОН. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/Reshenie-za-izmenuvanje-i-dopolnuvanje-na-nastavniot-plan-za-gimnazisko-obrazovanie-PMA.pdf,  на 18.1.2015

*Решение за дополнување на Наставниот план за воспитно-образовната дејност во деветгодишното основно училиште.* 2014б. МОН. Преземено од http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/resenie_devetgodishno_2014.pdf, на 18.1.2015

Сидоровски, С., Темков, К. 2006. *Филозофија, Учебник за IV година на реформираното гимназиско образование (IIиздание)*. Скопје, Просветно дело

Севдинска, Љ., В. Настоска. 2010. *Македонски јазик за петто одделение деветгодишно основно образование.* Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/mak_jazik_5?e=1666238/8075090, на 17.1.2015

Стефановски, Ј., Ачовски, Д. 2010. *Математика за петто одделение деветгодишно основно образование*. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/matematika_5_mak?e=1666238/3647862, на 16.1.2015

Танева, Илинка. *Биологија за седмо одделение.* За осмо одделение деветгодишно основно образование.Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/biologija-7odd-k1?e=1666238/2599666, на 18.1.2015

Темков, К. 2010. *Етика за VI-то одделение*. Скопје, Министерство за образование и наука на Република Македонија. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/etika_6_mak?e=1666238/3376588, на 18.1.2015

Тренчевски, К., Г. Тренчевски. *Математика 7*. Вовед. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/matematika-7odd-k1?e=1666238/3647894, на 28.12.2014

Тоциновски, В., Младеноски, Р. 2010. *Македонски јазик и литература за средно стручно образование (за сите струки) за I година*. Скопје, Министерство за образование и наука

Угриноски, К., Василески, К. *Граѓанско образование за седмо одделение во осмогодишното основно образование*. Скопје, Министерство за образование. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/gragansko_obrazovanie-7odd-k1?e=1666238/3711242, на 17.1.2015

Шотаровска, Б., Ѓеоргиевска, Т. 2010. *Запознавање со религиите за петто одделение*. Скопје, Министерство за образование и наука. Преземено од http://issuu.com/e-ucebnici/docs/zapoznavanje_na_religii_5_mak?e=1666238/3570797, на 28.12.2015



View publication stats